СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Дваесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 октомври 1995 година

Скопје, октомври 1995 година

**III ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 26-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 26.Х.1995 год.**

Дискутанти

Днев.ред: Закон за локална самоуправа - изгласан

1. АБДИ ФАИК - 41, 48
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 28, 30
3. АРСОВСКИ БРАНКО - 52
4. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 11, 26, 32
5. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 30
6. ГОШЕВ ТУШЕ - 35
7. МИНОВ ПАНЧО - 34
8. ОСМАНИ РУФИ - 8, 42, 43, 44, 46
9. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1( води седница)
10. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 2,3,5,6,9,12,14,16,17,18,19,20,21,23,24,26,39,46,47,55
11. РАМАДАНИ САЛИ - 56, 57, 58
12. РАМАДАНИ ХИСЕН - 37, 39
13. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 1, 14, 58
14. СИЉАНОВСКИ БЛАГОЈА - 22
15. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 5, 8, 13, 16, 18, 21, 22, 25
16. ТАИРИ МЕВЉАН - 16, 45
17. ТРАЈКОВ РИСТО- 23
18. ТУДА РАМИ - 50
19. ШАЌИРИ ХИСНИ - 39, 51, 52, 54.

К Р А Ј

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третото продолжение на Дваесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26.Х.1995 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 14,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски потпретседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да почнеме со работа.

Пратениците Стојан Андов, Киро Поповски, Џеладин Мура Атанас Вангелов, Јане Ангелевски, Наќе Стојановски, Игнатие Богдановски и Марјан Начевски ме известија дека од оправдани причини се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници и Собранието може полноважно да одлучува.

Вчера, застанавме по претрес по амандманот за додавање два нови члена 91-а и 91-6 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани и Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Молам, дали некој друг бара збор.

Господин Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Ве молам повторете за кој амандман станува збор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Претрес по амандманот за додавање два нови члена 91-а, 91-6 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

I/2.-пј/нд

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Шест пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање на два нови члена 91-а и 91-б поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 98, за бришење на став 2 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Аце Коцевски, Владимир Соколовски, Димитар Поповски и Владимир Станковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа. Се предлага, практично од преодните и завршните членови да отпадне одредбата дека главата V на овој закон влегува во сила по одржувањето на новите избори за органи на единиците на локалната самоуправа. ДА појаснам. Доколку се брише овој член тоа значи дека и тоа важи, а фактички, практично, до новите избори ќе немаме нови органи, ќе немаме ниту градоначалник, ниту таква поделба на надлежностите каква што е. Импликацијата од тоа што таа глава нема да се применува до новите избори е следна дека општините во овој состав ќе бидат полновласни во однос на надлежностите на општините според членот 17, 18 и 19. И ќе ги остваруваат комплетно преку сегашните органи. Што значи ништо не се губи на планот на заживувањето на Законот во областа на надлежностите така како што се нормирани.

Затоа, нема потреба да се прифати овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Тројца пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 98 за бришење на став 2 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Аце Коцевски, Владимир Соколовски, Димитар Поповски и Владимир Станковски.

Отворам претрес, по амандманот на член 9 8 за додавање нов став 2 по став 1 поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Господини Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 91 за додавање нов став 2 и тоа е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Во текот на расправата пратеникот Ратка Куљан Зографска поднесе амандман за додавање нов член 49-а по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандмани на член 18 за бришење на точките 18 и 19, член 39, член 40 за бришење на став 4, член 75, став 4, член 89, за додавање став 3, за бришење на член 91 и на

член 97 за додавање нов став 2 по кој Владата не се произнела. Пратениците Ристо Трајков и Борис Павлов поднесоа амандман на член 83, алинеја 4 и за додавање нова алинеја 5 по алинеја 4 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Љупчо Беличев, Ване Наумовски и Петре Трајановски поднесоа амандман на член 62, став 1 за додавање две нови точки ѓ) и е) по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Руфи Османи поднесе амандман на член 2 5 за менување на став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Хисен Рамадани поднесе амандман на член 30 став 1 за додавање нова точка 10-а и на член 45 точка 10 по кои Владата не се произнела. '

Пратеникот Кенан Хасипи поднесе амандман на член 65 став 4 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Иван Бојков поднесе амандман за бришење на член 64 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Хисен Рамадани поднесе амандман на член 30 став 1 за додавање нова точка 10-а по кој Владата не се произнела, а го повлече претходно поднесениот амандман на овој член под број 2922/95 од 25.10.1995 година.

Пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковски и Благоја Силјановски поднесоа амандман на член 19 за бришење на став 3 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Владимир Соколовски,Благоја Силјановски, Зоран Шапуриќ и Димитар Вревезовски поднесоа амандман на член 62, став 1 за додавање нова алинеја во точката а) и за додавање нови точки б-а) и г-а), по кој Владата не се произнела.

Пратениците Исмет Рамадани, Мевљан Таири, Сејфедин Харуни и Газменд Ајдарага поднесоа амандман на член 40 за додавање во став 3 по став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Иван Бојков и Александар Гештаковски поднесоа амандман на член 64 по кој Владата на се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 18 за бришење на точките 18 и 19 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Стојановски има збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, колеги пратеници, во членот 18 се регулира правото на основање на локални радио станици со одлука на локалната самоуправа. Јас барам тоа право на локалната самоуправа да се изземе, инспириран и обврзан од дописот што сите ние го добивме од Здружението на локалните радио станици на Република Македонија, каде ќе го прочитам само последниот пасус:

"Целта на ова обраќање да Република Македонија биде оснивач на постојните 29 општински радио станици, кои заедно со Македонското радио, го сочинуваат единствениот радиодифизен систем на државата е да се заштитат од секаков вид манипулации, кои би ја загрозиле нивната функција на јавен сервис, зашто само јавната радиодифузија чиј основач е државата може во исто време да понуси програма за сите поединци, групи и врста основа да преставува фактор на социјална интеграција да биде форум за демократски дебати и да гарантира професионални стандарди."

Тоа е мојата заложба. Членот 19 дозволува на единиците на локалната самоуправа да формираат средни стручни училишта. И двете овие категории не се предвидени со членот 115 од Уставот на Република Македонија.

Второ, сметам дека во услови на мрежа на средно образование на РМ ваквата можност може да не доведе до многу непријатни состојби, да на растојание од неколку километри да имаме две пот- полно исти, средни училишта. Сметам дека кога веќе имаме мрежа на средно образование, вклучувајќи ги средните стручни училишта мислам дека локалната самоуправа не треба да има таква ингеренција. Со ова не се иззема правото на отворање на приватни средни училишта.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Во врска со точка 18 укажувањето од локалните радио станици не укажува на нужната последица дека тие ќе бидат укинати или присвоени од страна на единиците на локалната самоуправа, бидејќи за нивниот статус се решава со посебен закон, со законот за радиодифузија. Во точката 18 на овој член се дава напросто право на единицата на локалната самоуправа за своите потреби, што значи за потребите на единицата на локална самоуправа да може да оснива гласило. И тоа право е толку природно и нормално што никого не загрозува. Тоа значи дека во општината може да постојат повеќе информативни гласила, и републички и приватни, но и општински, се разбира. Бидејќи е усвоен амандман во точката 18 да се додаде зборот "во согласност "со закон",

значи можат да основаат информативни гласила, на локалната самоуправа во согласност со закон, што значи дека со Законот за радиодифузија ќе се регулира статусот на постојните. Напросто, тука само се востановува право или можност како право на единиците на локалната самоуправа да основаат такви гласила. Спорењето дека е тоа надвор од Уставот не е точно од проста причина што со Уставот се вели дека и со законот можат да бидат делегирани определени надлежности на единицата на локална самоуправа. Ова е закон, со овој закон се делегира тоа право.

Точката 19 каде што односно кое што дава право или можност на единиците на локална самоуправа да основаат средни стручни училишта, пред се се поврзува со специфичните потреби на локалната заедница, или пак на група локалнаи заедници од одреден профил. На пример, едно училиште за кујунџии, занаетчии во Крушево, или во Охрид определена резбраска школа, може да биде и општинска и тоа никого не загрозува и никому не пречи. Конечно, со законот за средно образование оваа можност е дадена, што значи по принципот да може со закон да се делегираат одредени надлежности тие надлежности се делегираат овој пат во оваа точка 18 и 19 и тоа е уставно возможно. Со наредните закони што ќе доаѓаат се повеќе надлежности ќе се делегираат на единиците на локалната самоуправа. Веројатно, законот за државата администрација ќе делегира некои надлежности, па дури и многу други закони. Затоа сметам дека амандманот навистина треба да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Османи бараше збор.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Амандманот се повлекува.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Здружението носи точен назив, здружение на локални радио станици. Тоа значи овие локални радио станици и сега практично имаат локален карактер и воопшто и нивната техничка опременост и можност е ограничена на локалните потреби на граѓаните. Според тоа сметам дека тие во потполност ја извршуваат и ќе ја извршуваат задачата. Единствено можам да прифатам ако со новиот закон не се регулира поинаку сите овие радио станици да се укинат и на локалната самоуправа да и се даде можност да се отворат нови радио станици кои што ќе имаат сосема друга функција и друга цел.

Г-дине министре, во однос на членот 19 и во сегашниот систем на средно образование и во номенклатурата на занимањата предивеени се овие струки кои што вие ги наброивте. И досега воопшто не било проблематично во дејноста на средното образование со еднсставен елаборат за општествено - економска оправданост да се даваат било какви насоки и занимања. Според тоа сметам дека само ќе создадеме една конфузија на еден паралелизма, на еден дуализам кога веќе изградивме закони и за основно и средно образование кои што претставуваат еден систем компатибилен, кој што треба да добие свое финале, се разбира, и со законот за високото образование.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи, го повлекувате амандманот, ако добро разбрав.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не го повлекуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и го ставам на гласање.

Кој е за амандманот да крене рака. (2)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 18 за бришење на точките 18 и 19, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за бришење на став 3 поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковски и Благоја Силјановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот, кратко да образложам.

Во една атмосфера на согласување од голем број на пратеници за можноста општината да расправа за работата на единицата на локалната самоуправа во моето искажување бев дециден дека тој амандман му е местото, ако воопшто треба да се прифати, во главата за соработката меѓу органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа. При тоа, од замор или од друго го превидов значењето на сместувањето на овој амандман во точка 19, кој што има наслов Заеднички надлежности на единицата на локалната самоуправа со државните органи. Што значи не може да биде заедничка надлежност на единицата на локалната самоуправа со органот на државата управа во изборот на раководителот на подрачната единица на органот на државна управа, ниту на директорите на јавните претпријатија кои о се државни, републички. Надлежност на единицата на локална самоуправа

е избор на директори на јавни претпријатија што ги формира општината. И тоа е чистиот модел, јасниот модел.

Второ, со дополнителни, бидејќи тоа е знаете кога има гужва и тогаш се даваат голови. Со дополнителни промислувања на импликациите на овој амандман, се покажува дека практично законот ќе ги стимулира единиците на локална самоуправа бескрајно многу време да губат, расправајќи кој ќе биде директор на некое јавно претпријатие, или кој е подрачен началник, а при тоа нема да ги вршат своите надлежности, кои што означуваат реални надлежности во уредувањето на односите и потребите на единиците на локалната самоуправа. Што значи дека ќе одржуваат една постојана така да се каже дискусии и дебата на релација со државата, што значи дека постојано ќе ги политизира односите по точки, или аспекти од системот кој што не се ниту толку значајни, ниту се пак надлежност по моделот на надлежностите на органите на државната управа. Од тие причини и конечно од причина што единиците на локална самоуправа фактички можат секогаш да расправаат за работата на подрачните единици, за авторитетот или неавторитетот на раководното лице на подрачната единица никој тоа право на единицата не може да им го одземе тие тогаш кога ќе имаат потреба, кога ќе има основа, тие фактички ќе расправаат. Фактички, можат да даваат мислења, предлози, сугестии, усогласувања, несогласувања, протестирања на одредени персонални решенија и слично, но тоа е фактички однос и тој тежи толку колку што има аргументација и толку колку што има авторитет тоа што се предлага. Затоа, мислам дека тоа треба да остане во редот на нормалните фактички односи, а не во формалните институциаонализирани односи, бидејќи тогаш тежината напросто или значењето таа надлежност напросто само лежи во формата и во институцијата ногу често тоа може да претставува основа за непотребна полити- ја и комплицирање на целата атмосфера. Од тие причини го прифаќам дел од амандманот.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Вака почитувани пратеници бидејќи се работи за уникат дејствување да се интервенира на веќе усвоениот амандман што не е преседан никаде, јас ќе кажам неколку зборот, меѓутоа, ги повикувам сите јавно....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам господине Биљали само деловничка интервенција.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

И оваа е деловничка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ако имате за амандманот можете да поднесете амандман, па по него да расправаме.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Мојот амандман е реактивиран и потоа ќе излезам да го образложам само од тука ги повикувам тие што се надлежни за деловничките прашања односно во врска со толкувањето на деловникот да излезат тука и да кажат дали е воопшто можно знам дека не е логично, меѓутоа, правно дали можат да ни кажат тука според моето толкување тоа значи дека во текот на целата расправа пратениците можат да поднесат амандман за сите членови за кои веќе не е усвоен претходен амандман. Еве сега теоретски ќе поднесувам секоја минута по еден> амандман и тука ќе расправаме два месеци по еден закон. Тоа е тотално нелогично. Меѓутоа ќе чекам реков го реактивирам мојот амандман и ќе се видиме пак.

II/2

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Деловнички не е спорно апсолутно дека амандман МОУЅ да се поднесе до заклучувањето на претресот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 1 за додавање нова точка 10-а, поднесен од пратеникот Хисен Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Сугерирам ако е прифатливо за господинот Хисен Рамадани ако е деловнички исправно, во членот 10-а да се додаде само еден збор "основа комисија за работи од именувањето и разрешувањето на извршители на управни и административни работи", како што е до крај.

Инаку го прифаќам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ова е модификација на амандманот, предлагачот го прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 39 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Стојановски.

II/3

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Амандманот се однесува на надоместоците на луѓето од локалната самоуправа преди некој ден имавме многу успешна презентација на едно огромно шаренило со огромни диспропорции како тема на денот колку и како се наградени да речам колегите во единиците на локалната самоуправа. Према тоа мојата заложба е да ова биде практично регулирано на ниво на државата. Дали при тоа Владата ќе направи селекција големина на локални самоуправи и слично меѓутоа, ова што го видовме и што го знаеме и што ни е секојдневие сметам дека не треба да го дозволиме. Да практично имаме такви огромни диспропорции. Од локални самоуправи каде што никакви принадлежности не добиваат одборниците, до некој фантастични цифри кој што се доближуваат дневница во висина на пример на нашиот паушал ве молам. А најголемиот дел од собранијата одржале две-три седници оваа година. Ние за една година веќе ја одржуваме 27-та, 28-та седница. Тоа е мојата интервенција.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

17 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 39, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 4 0 за додавање нов став 3, по став 2 поднесен од пратениците Исмет Рамадани, Мевљан Таири, Сејфедин Харуни и Газменд Ајдарага.

Амандманот се однесува на членот на Советот да му престане мандатот ако ја напушти партијата чиј кандидат бил за време на изборите. Не може да се прифати амандманот мандатот се добива од граѓаните на изборите и бил противуставен ако се прифати.

Господин Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници, веројатно добро се сеќавате дека ние доста расправавме околу тоа дали да се отповика членот на Советот или да не се отповика. Бидејќи заклучивме дека тоа не го дозволува Уставот, т.е. членот 62 не дозволува и за пратениците, односно нема отповикуваше, каде е мотивацијата за поднесување на ваква интервенција односно амандман. Сега може членот на тој совет да се бира од одреден број на граѓани, одредено изборно место или изборна единица. Меѓутоа, ние и тие совети ќе ги имаме, совети каде што ќе имаме претставници од многу партии, од повеќепартиски совет. Членот на тој совет како кандидат на одредена партија ќе биде биран пред се од членовите на таа партија и од симпатизерите на таа партија, и точно е тоа дека од одреден- број на граѓани во таа изборна единица, односно изборно место. Меѓутоа, кога членот на тој совет ќе ја промени, односно ќе ја менува партијата, тој член на советот понатаму функцијата како член на тој совет многу тешко ќе ја обавува затоа што во праксата се случува тоа тешко може да контактира односно да воспостави контакт со огромното мнозинство на тие граѓани кои го дале гласот за него. Ние имавме пракса, мислам без навреда и во парламентот менување на партии  итн. и останување и понатаму во составот на овој Парламент и така и во Советот ќе се случи

тоа. Меѓутоа, тоа апсолутно мислам дека не е фер према тие граѓани кои се веќе определени за одредена партија, кои се и симпатизери за одредена партија, кои гласале за тој член на Советот, а тој и понатаму да застапува интереси на тие граѓани. Тој понатаму веќе не е логично да застапува интереси на тие граѓани, затоа што праксата покажува дека со тие граѓани веќе не воспоставувал односно нема да има веќе никакви контакти затоа што треба да се направи. Тој истиот ако мисли дека е во право, претпоставувам дека што ја напуштил одредена партија итн. треба уште еднаш да се провери неговиот мандат каде што е биран, ако и понатаму во таа изборна единица или изборно место добива гласови од тие граѓани што ние велиме граѓаните ги застапува ќе продолжи и понатаму нормално или во друга партија или како независен пратеник и тн. Јас мислам дека не треба повеќе образложување и сакам еве да се прифати амандманот, тоа е ваша волја.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

8 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 40 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Исмет Рамадани, Мевљан Таири, Сејфедин Харуни и Газменд Ајдарага.

Отворам претрес по амандманот на член 4 0 за бришење на став 4, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Господинот Поповски има збор.

Амандманот не се прифаќа станува збор за одземање на мандатот на член на советот на единицата на локална самоуправа тогаш кога е осуден правосилно на казниво дело со пресуда помала од 6 месеци и кога по сила на законот не може да му биде одземен мандатот. Меѓутоа за дело кое што го прави недостоен за вршењето на функцијата член на советот на единицата на локалната самоуправа Во таа смисла во тој случај се предвидува со ставот 4 постапка каде што советот со мнозинство на гласови може да му го одземе мандатот. Амандманот е тој став да се брише што нема мислам логика

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Напротив мислам дека тој став е контрадикторен затоа што ако на член на совет му се одзема мандат заради наведените услови што ги искажа министерот, тогаш ние дозволуваме сега одземањето на мандатот го утврдува советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови. Ако тој совет не изгласа со мнозинство на гласови, за мене е контрадикторен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господин Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Сличен амандман имавме поднесено и неколку пратеници од Партијата за демократски просперитет сметајќи дека ваква повеќе морална или декларативна обврска за која што ќе одлучува советот по сопствена волја дали достоинството е изгубено, дали е во прашање и се тоа, повеќе во доменот на личното изјаснување и убедување, односно

што може да се сврзе со некој конкретен акт и чин. И затоа нашиот предлог беше да ако советникот членот на советот биде осуден за кривично дело кое што го спречува да присуствува на седниците на Советот на пример пет-шест месеци да го изгуби мандатот автоматски, а не да се остави на советот да одлучува за тоа прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Министерот Поповски бара збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Во случајот се работи за превид, имено по сила на закон не се одзема мандат ако членот на Советот на единицата на локална самоуправа направи казниво дело за кој е осуден под шест месеци. Меѓутоа, ако некој казниви дела не го прават човека, па и членот на советот на единицата на локалната самоуправа недостоен, на пример дела од областа на сообраќајот, небрежност, некој мал прекршок итн. Во секој случај го прави недостоен ако е осуден на помалку од шест месеци ако е за кражба, бидејќи е недостојно да биде член на совет на единица на локална самоуправа крадец, независно што неговата казна е под шест месеци. Што значи во ставот 3 се востановува основа да може да биде отпуштен или разрешен од членство на Советот на единицата. А со ставот 4 се уредува процедурата на која тој бидува разрешен, или му бидува одземен мандатот. Имено не постои никаде номенклатура објавена во закон во кој ќе се каже дека овие казниви дела под шест месеци секогаш го прават лицето недостојно, а овие казниви дела под шест месеци не го прават лицето недостојно за да може да се примени веднаш таа критеологија. Затоа се предлага ова што се предлага во членот 40.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако првиот дел од ставот 3 кој што министерот го објаснува и што е негова поблиска професионалност, можам некако да го разберам, зошто неоправданото отсуство подолго од шест месеци да се дава на изјаснување на членовите на советот. Тука е децидно санкционирано. Неоправдано отсуство подолго од шест месеци да го изгласува советот. Зошто ја даваме таа можност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

4 пратеници гласаа за. Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 40 за бришење на став 4 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 4 5 точка 10, поднесен од пратеникот Хисен Рамадани.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4 9-а поднесен од пратеникот Ратка Куљан Зографска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5 5 став 4 поднесен од пратеникот Кенан Хасипи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот може делумно да се прифати во смисла на бришење на зборот "изборот" но продолжението ја стеснува рамката бидејќи именување и поставување на лица е можно не само во административните и управните органи туку и во самиот совет. На пример секретарот на советот, претседатели на комисии и други тела што советот ќе ги именува или поставува. Во оваа форма делумно само со бришење на зборот "изборот" би бил прифатлив, ако е прифатлив за поднесувачот на амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

9 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 55 став 4, поднесен од пратеникот Кенан Хасипи.

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 1, за додавање нова алинеја во точката а) и за додавање нови точки бе) и га) поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Благоја Силјановски, Зоран Шапуриќ и Димитар Вревезовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 1, за додавање две нови точки ѓ) и е) поднесен од пратениците Љупчо Беличев, Ване Наумоски и Петре Трајаноски.

Господин Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа бидејќи е содржан во претходните амандмани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи го повлекувате.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 64 поднесен од пратеникот Иван Бојков (се повлекува).

Отворам претрес по амандманот на член 64 поднесен од пратениците Иван Бојков и Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7 5 став 4 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се работи за распуштање на Советот за локална самоуправа. изборот на нов совет со единицата да раководи градоначалникот. Ако прифати тогаш се назначуваа повереник на Владата. Ако советот на

локалната соамоуправа дозволи да биде распуштен, јас се прашувам со кое право градоначалникот како најкомпетентен и во овој повеќе партиски систем избраник на најмоќните партии да остане мојот предлог веднаш да се именува повереник на Владата кој што ќе ги преземе работите до новите локални избори.

**БЛАГОЈА СИЛЈАНОВСКИ:**

Морам да реагирам на едно вакво однесување на пратеникот од Тетово, едно настојување за максимална централизација на власта во Република Македонија, го прифаќам како вкупна навреда на општините во Република Македонија. Не може да вградиме еден однос да постави повереник Владата да раководи со подрачје на општина и да има тој повереник поголем легитимитет од градоначалникот што го избрала таа општина. Тоа што во одредени моменти во одредени подрачја некој работи ги претпоставуваме и како претпоставка ни сметаат треба полека полека да се ослободуваме од тие работи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас ќе бидам храбар да кажам нешто сосема поинаку г-дине Сиљановски, изгледа треба да се одвоиме во некоја просторија горе да се договориме како некогашен ЦК и тогаш секој амандман ќе помине тука. Јас не ги наведов општините, ако сакате овој пример е типичен за општините Битола, Прилеп, не беше типичен за општината каде јас живеам. Не е возможно да се распушти локалната самоуправа, а градоначалникот да има легитимитет на граѓаните, кога тој е избран партиски

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?)Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 75 став 4 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 8 3 алинеја 4 и за додавање нова алинеја 5 по алинеја 4 поднесен до пратениците Ристо Трајков и Борис Павлов.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници. Со овој амандман немам за цел да ги решам финансиските проблеми на месната заедница. Овој амандман ќе биде само ублажување на проблемите што ги има сега месната заедница. Ако на локалната самоуправа и фалат пари, тогаш постои институт позајмица од Буџетот на државата. Позајмуваат пари и работат. Месната заедница ја нема таа можност. Сигурен сум дека ако имаше повеќе пратеници претседатели на месни заедници, ќе имаше повеќе вакви амандмани. сега имаме само амандмани за добивање повеќе средства во локалната самоуправа, а месните заедници ги фрламе на страна. Тие се едно скалило од каде почнува локалната самоуправа. Инаку парите се собрани од комуналната такса за истакнување на фирми во населените места каде што делува месната заедница, не се од други месни заедници и т.н. Месната заедница каде што делува оваа фирма и ја истакната оваа фирма тие пари да бидат на сметката на месната заедница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (24)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 3 алинеја 4 и за додавање нова алинеја 5 по алинеја 4 поднесен од пратениците Ристо Трајков и Борис Павловски.

Отворам претрес по амандманот на член 8 9 за додавање став 3 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието амандманот на член 8 9 за додавање на став 3 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски не го усвои.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 91 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски (го повлекува)

Отворам претрес по амандманот на член 97 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Да објаснам дека со овој амандман се сака во овој закон да се постави обврска во рок од 4 месеци да се донесе законот за нова територијална поделба на Република Македонија на општини, не се

прифаќа, бидејќи не може со еден закон да се одреди рок за донесување на друг закон, а инаку како намера на Владата да соопштам дека Владата има намера веднаш по донесувањето на овој закон да пристапи интензивно кон работа врз законот за нова територијална поделба кој што би одел во нормална процедура со консултирање на општините, на месните заедници и низа други институции на јавноста и веројатно во овој Парламент тој закон ќе биде разгледуван најмалку два пати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Замислата е новите избори за локална самоуправа да ги обавиме и со донесен закон за нова територијална поделба.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? )3)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 97 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Во меѓувреме пратениците Мерсел Биљали, Абдулади Вејсели и Руфи Османи поднесоа амандман на член 19 за додавање став 3 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Хисни Шакири и Руфи Османи поднесоа амандман а член 91 за бришење на став 2 по кој Владата не се произнела.

III/6.-

Отворам претрес по амандманот на членот 19 за додавање став 3 поднесен до пратениците Мерсел Биљали, Абдулади Вејсели и Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, образложението беше кога го прифатив тој амандман од другите пратеници.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господа пратеници тука од министерот ние вчера чувме дека паднале тешки зборови во врска со моите квалификации кои се донесуваа во суштина на проблемот односно суштината на законот за локална сам управа. Јас денеска дури сум повеќе од вчера убеден дека овој закон без таа формулација не може никако поинаку да се преквалифицира, освен закон за бившите месни заедници. Дури бившите месни заедници има- ле поголеми овластувања . Бидејќи вчера опширно го образложив амандманот и тоа поаѓајќи од анализирање на неколку закони и од западните земји и од бившите социјалистички земји, а и од литературата, меѓутоа, изгледа не се нема желба и политичка волја да се прифати нешто толку нормално и јас сум убеден и предлагачот сосема се согласува со мене меѓутоа, стои една друга сила позади ова. Ние вчера еден час и повеќе расправавме аз тој амандман и господата што предлагаа амандман на амандман не најдоа за сходно да излезат тука и со своите аргументи да кажат зошто чини што не чини туку на едноставно недоличен начин поднесоа амандман вршејќи притисок врз министерот да го прифати амандманот и тоа е тотално некоректно и арогантно. Јас веќе реков дека нема да навлегувам во деловничките прашања, г-да пратеници тука не е во прашање тоа дали предложениот

амандман е или не е во согласност со правниот систем како што беше наведено во образложението, туку едноставно тоа лесно може да се констатира дека е во прашаше борба за концентрација на власта. Ние имаме многу еластичен Устав со кој може да се констатира и така многу лесно дали предложениот амандман е во согласност со правниот систем или не, ако не повеќе тогаш поаѓајќи од општата демократска современа клаузула дека се што не е забрането изричито со Устав е дозволено. Ако сакаат предлагачите јас вака ќе им понудам јавно еден настан кога ѓе ги прелистуваме и ќе ги коментираме законите на неколку држави, не кажувам за закон во Германија, Франција итн. кои имаат високи стандарди туку од бившите социјалистички држави, од Унгарија, Албанија, Украина, Словенија и т.н. и ќе се убедиме каква корелација се обезбедува помеѓу локалната самоуправа сега со елементи на локалната власт и државната локална власт. И секако кога ќе седнеме пред екраните ќе се убедиме и јавноста ќе се убеди, а и самите тие себе дека не се во право. Тука мораме да признаеме дека некој сака да се претендира во бог или цар. А на тој бог или цар му се потребни мали богови и цареви по општините. Само останува кој ќе ја одигра улогата на дворската будала. Јас сметам дека топката тука е префрлена кај пратениците. Зборувам дека тие ен се во состојба да прифатат такво нешто. Очигледно тука се работи за послушност која за мене е страна работа и сум среќен затоа што е страна работа , тука веќе се во прашање и основните норми на совеста, секој нека размислува на тој план и јас мислам дека така не е коректно, ниту е чесно да се работи. Јас со ова ќе завршам и да кажам дека без оглед на тоа како ќе мине овој амандман, сметам дека јас сум моралниот победник.

III/8.-

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Претпоставувам дека улогата што ја игра денеска- министерот е многу тешка, уште повеќе ако се има во вид она што вчера усвоивме, она што прифати вчера, а денеска исто спротивното го прифаќа. Дозволувам, тоа е право на министерот, право на Владата така да постапува. Меѓутоа, верувајте ми сум во голема недоумица како да постапувам јас сега. тоа го кажувам од причина што кога прифати министерот, кога го прифати амандманот, помислив дека се направи еден голем чекор напред кој што недостасува во практиката, а тоа е соработката помеѓу органите на локалната самоуправа, која што не постоеше до денес и која до некаде сега се формира, иако не е на тоа задоволително ниво, но сепак претставува доста голем чекор напред .Она што сега се прави враќањето назад ни создава голема недоумица. Поучени од практиката која што ја имавме во досегашните органи на локалната самоуправа ова беше неминовност. Лично мислам дека да се задржува правото на организацијата на одбраната на ниво на државата, сосема се согласувам. Меѓутоа,да се задржуваат доста други права кој можат да се симнат на ниво на локалната самоуправа, бидејќи тоа можеше да се чуе и од министерот на неколку пати во образложенијата кои ги даваше по доредени амандмани дека треба да се растоварува дека Владата навистина има големи задолженија, па така и го сфатив амандманот кога вчера беше усвоен. Бес соработка на органите на локална самоуправа со органите на подрачните министерства, со органите на јавните претпријатија, нема локална самоуправа. Нема живот во единиците на локалната само- управа. Народот ја познава државата, државната власт, меѓутоа, ги познава и луѓето кој што раководат во општините, било тоа да се во органите на министерствата, или во органите на локалната

самоуправа. Мислам дека усвојувањето на амандманот значеше голем чекор напред. Зошто? Заради тоа што луѓето во општините кога се обраќаат во собранијата се уште не знаат дека тие се истурени единици ка поедините министерства.

IV/1/ПЈ/л ј

**ГАЗМЕН АЈДАРАГА:** (продолжение)

Тие велат одиме во Собрание и што се случуваше? Имаше и друг еден многу важен момент, па се губеше авторитетот на тие министерства кога соработката не беше на висина. Можам да кажам дека не секогаш, меѓутоа, имаше доста случаеви кога, така да се изразам, не се знаеше кој јаде кој пие, не се бараше никаква одговорност за тие луѓе таму. Бидејќи секое министерство, посебно на крајот никој не бара одговорност. Дали оди на работа, дали ги решава прашањата што се поставуваат од страна на граѓаните. Ова, верувајте ми, значи голем, голем, чекор напред во однос на воспоставување на тие релации.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Г-дин Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, во потполност се согласувам со претходниот дискутант, кој вели дека нема функционирање на локална самоуправа без функционирање на локалната самоуправа и во една корелација во согласност меѓу двете таканаречени лостови на власта. Но, целокупната дискусија на почитуваниот Ајдарага се состои во едно недоволно недообјаснување и врзување на целиот концепт на законот на локална самоуправа од претходниот пратеник Биљали за членот 19, став 3 во однос на таа соработка , односно давање мислење и согласност. Министерот добро објасни, јас не би сакал да објаснувам во однос на структурната поставеност, иако Биљали пак го поставува на член 19. Сакам да ве информирам, дека водејќи сметка за функционирање на двата видови на власт и битноста на таа соработка законот за локална самоуправа предвидува посебна глава XI во која вели посебната глава, Соработка на единиците на локалната самоуправа со органите на државната управа и

во кое структурирано во два члена. Член 79 и член 80. Членот 79 има околу шест, седум става во кои го регулира таа соработка меѓуподрачните министри и носителите на власта во локалната самоуправа за решавање на прашањата што се од битен интерес на граѓаните во локалната самоуправа. Додека, регулирајќи го тој дел на власта членот 80 оди чекор понатаму и вели Доколку не се реализираат одредени заеднички договорени заклучоци по одредено прашање дури зборува повеќе од овој амандман кој беше на вчерашната седница прифатени, кој денеска пак се појавува. Зборува за отповикување, односно покренување иницијатива до надлежниот министер за сменување односно отповикување од подрачниот министер. Подрачниот министер или раководителот на подрачната единица. И самиот предлагач на амандманот на член за воведување на нов став од член 19 вели го предлага за воспоставување на двострана контрола за работата и функционирањето на раководителите на единиците. Самиот член 79 и член 80, поаѓајќи од она, пак ќе го повторам, што го зборуваше Ајдарага за соработка и функционирање ги регулира тие односи и воспоставува нов начин на регулирање и на решавање на досегашните нерасчистени односи.

За другиот начин, ако се бараат одредени овластувања на државната; управа без одредени права на отповикување и слично доволно објасни министерот Поповски, ќе настанат одредени последици односно нефункционирање и мешање на двата видови на власт и нефункционирање на системот на локалната самоуправа. Сметам дека и самиот министер рече, доколку предлагачите можеше да имаат и поголем степен на можност на соработка, но во Главата XI членовите 79 и 80, а никако во член 19 став 3 и до овој степен на развој на локалната самоуправа, гледајќи ја фактичката состојба која ја имаме во единиците на локална самоуправа ние сите сме свесни не живееме на небо. Одредени сега подрачни министри не присуствуваат, не се одзиваат на

претседателите на општините на општинските собранија од разни објективни и субјективни причини. Со воведување ан инструментите на одговорности и контрола и соработка, што не значи дека законот за локална самоуправа и соработка не дозволува и одредени консултации за поставување на тие подрачни единици, сметам дека сегашната разработка на законот за локална самоуправа дава можност за контрола и функционирање на подрачните министерства во единиците на локалната самоуправа и тие единствени беа причините што не натераа во однос на интервенција да вадиме амандман на член 19 став 3 за бришење, а не никакви политички позиции и задржување на власта што беа од овде коментирани.

Благодарам.

Затоа не го поддржувам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Биљаљи.

**МЕРСЕЛ БИЉАЉИ:**

Прво да кажам дека навистина не ни е пријатно толку често да излегувам на говорницата, меѓутоа, поради јавноста и вистината морам да кажам нешто дополнително од професионален аспект некои важни работи.

Мора да признаеме дека клучно прашање е во сите закони кои ја уредуваат материјата на локална самоуправа точките на поврзување помеѓу локалната самоуправа и локалната власт. Глобално во повеќе земји ова е регулирано вака.

Прво, се дефинира соработката помеѓу органите на локалната самоуправа и локалната власт која соработка се организира врз трк аспекти.

Прво, врз аспектот на одлучувањето и тука се предвидува заедничко одлучување потоа потврдување на меѓусебните акти потоа верификација на меѓусебните акти потоа, дури постои можност на авокацијата тоа значи преземање на одредени работни од органите на локалната самоуправа.

Вториот пункт е во именувањето и разрешувањето на функционерите кои раководат со органите на локалната власт. Каде? Во повеќе земји тоа е скоро 90% овластување на локалната самоуправа само со една потврда на локалната власт. Тука во нашиот амандман се бара едноставно резолутивно барање мислење, предлози, сугестии, во врска со именувањето и разрешувањето на тие функционери. Кажувам дека тие функционери за сега пред никого не одговараат, не се одговорни пред никого, таму владее хаос и катастрофа, мито и корупција, а централната власт не знае или знае па мора да молчи.

Третиот пукт е факултативен, се однесува на соработка во врска со тоа размена на информации, комуникации, секојдневни итн.

Што предвидува глава XI на што се повикува г-динот Гештаковски. Ако внимателно го прочитате таму се предвидува вака градоначалникот ќе се сретне случајно со функционер кој раководи со некој од државните локални органи и ќе се напие кафе со него и случајно можат да разговараат за нешто и да донесат заклучок. Сега обврската стои само во тоа дека, ако постои таков заклучок, тогаш и првиот и другиот треба да се произнесат значи само да се произнесат, а и тие можат да се произнесуваат или позитивно или негативно, што значи ништо од таква формулација и тоа е празна фразеологија. Јас сметам дека амандманот не може да се поистовети со глава XI затоа што не се работи за функционалниот аспект, туку едноставно се работи и тоа стои многу јасно за избор и отповикување на функционерите кои раководат со локалните државни органи и работните единици на јавните претпријатија.

IV/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, претходното усвојување на овој амандман од повереникот на Владата го поздравив со аплауз .Тоа го сторив од неколку причини, бидејќи од искуство и сум носител на една изборна функција во локална самоуправа каде голем напредок, голем демократски придонес и ефект во воспоставувањето на формализираните институционални односи меѓу органите на локалната самоуправа и државните органи ќе имаше токму утврдувањето на еден ваков став која го предлагаат подносителите на амандманите односно за воспоставувањето на односите на соработка без таа скромна содржина што се предлага на овластување на овој амандман, овластувањето што ќе значи иницијативност, мислење и предлагање во именувањето и разрешувањето на раководителите на подрачните единици и на подрачните организациони единици на јавните претпријатија по општините може да биде беспредметна и да нема конкретни ефекти во така воспоставените односи што ние е желба на сите во интерес, ќе повторам и ќе потенцирам, а не се работи тука за единиците на локалната самоуправа оваа надлежност јас би го држел за збор претставникот на Владата кој кажа дека местото на оваа содржина на амандманот му е повеќе во односите помеѓу органите на локалната самоуправа и државните органи главата што ги регулира членот 7 9 и член 80.

Поставувам прашање дали може да се прифати модифицирање и овој амандман да биде поместен во таа глава односно во член 8 0 да гласи амандман на член 80, се додава нов став 2 кој гласи и да продолжи текстот "градоначалникот дава иницијатива..."

Сметам дека треба да се тргне одовде не од тоа локална самоуправа се меша во ингеренциите на државните органи. Треба да се

IV/6.-

тргне од таму дека власта и по Уставот кај нас е на граѓанинот. Граѓанинот основно политичко право му е локалната самоуправа. Ќе се надоврзам на почитуваниот колега Гештаковски дека една ваква одредба ќе ја направи неефикасна работата на локалната самоуправа. Отсуството на ваква надлежност ќе има големи шанси да продолжи неефикасноста и не- работењето на органите на управата по општините. Ова од практични причини од искуство без начело голем придонес на демократијата, тогаш би се слушнал гласот на јавноста на мнението на самите граѓани по општините и би била голема одбрана од оттуѓеноста на претставниците на министерствата во подрачните единици во општините од самите граѓани и единствено нивната свртеност кон нивните министри по вертикала во министерствата.

Предлагам и барам односно замолувам изјаснување на министер дали, бидејќи и тој се согласи, овој амандман да гласи амандман на член 80 со додавање на став 2 и да се децидира дека градоначалникот дава иницијатива итн.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали друг бара збор?

Има збор г-динот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, иако го прифативме принципот на поделбата на власта како темелна вредност на Уставот, на законодавна и извршна власт, па оттука ценејќи ги темелните вредности на Уставот, гледајќи го поднесениот амандман кој, дефакто, ја руши самостојноста на извршната власт во Република Македонија, а тоа е власта.

Ако го прочитаме амандманот дека се додава став трети кој гласи даваат иницијативи предлози и мислењето во врска со именувањето и разрешувањето на функционерите кои раководат со подрачните единици на министерството и со работните единици на јавните претпријатија, кои

вршат дејност во нивните подрачја и ставот 2, кој , ако иницијативата, предлогот и ли мислењето е подржано најмалку од половина од бројот на единиците на локална самоуправа, тоа е задолжително за надлежното министерство и јавно претпријатие. Ако останува само ставот 1 сакам да кажам дека, сепак, ја руши самостојноста на извршната власт и на Министерството, ставара една формална процедура во донесувањето на одлуки на министерот кој раководи со таа област од Министерството и ако појдеме од фактот дека дава иницијативи, предлози и мислења и ако се тие дел од технологијата на донесувањето на одлуката на министерот кој ќе го именува за свој функционер, кој ќе ја обавува функцијата во подрачните единици, тогаш оправданост е поставува прашањето на мешањето на локалната самоуправа во извршната власт. Оттука, може да се постави прашањето дека таквото мешање ќе ја наруши самостојноста на извршната власт по обавувањето на својата функција. Затоа, сметам дека ако во членот 8 каде е прифатено дека имаме вистинска поделба на власта на законодавна, извршна и судска власт, а локалната самоуправа, не дефинирајќи ја како власт туку само како заеднички соживот на граѓаните, кои треба да го уредат заедничкото живеење, согласно членовите предвидени со Уставот аз локална самоуправа, сметам дека овој член е во дирекна спортивнсот на Уставот и дека не ги почитува принципите на поделбата на власта на законодавна, извршна и судска власт и оттука не може единицата на локалната самоуправа да има такви функции каде на министерот ќе му дава предлози, мислења за именувањето и разрешувањето на соодветни функционери. Ако министерот ја носи одговорноста за обавувањето на функцијата на неговото министерство, тогаш како функционер тој треба да ја носи и одговорноста и правото да ги именува своите фактички подредени чиновници, кои ќе ја вршат таа дејност. ќе ја покриваат таа дејност во

областа на живеењето. Мислам дека таквиот амандман е спротивен на Уставот на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, мислам дека оваа дискусија на колега сега при толкување на одредени амандмани мислам дека треба да се внимава точно на тоа како се дефинира и во Уставот и во законот одредени делови на власта во Републиката. Мислам дека не ни се потребни дефинирања тука кои што можат да се кажат на Устав засновани или не засновани, но не се точни. Ние не смееме да дефинираме дека со овој закон ја укинуваме власта во локалните органи. Тоа на крајот на краиштата со меѓународно право сме обврзани, а к Уставот член 15 тоа не го оневозможува. Ние власт воспоставуваме на локално ниво за работи кои што се од локален интерес.

Второ се воспоставува и дел на власта државна, која со свои испостави со своите единици таму ги врши државните работи. Сега се работи само за тоа колкава соработка сакаме да воспоставиме меѓу нив и кава таа соработка треба да биде. Јас не знам на кое место ова треба да биде, но сакам да Ви кажам дека веќе на теренот има проблеми. Министрите веќе сами тоа и го чувствуваат. Владата уште повеќе , бидејќи не може да има контрола на мрежата на своите државни органи воспоставени во локалната самоуправа. Министрите и сами се често во состојба да не можат да се снајдат при воспоставување на нови луѓе на одредени единици во локалната самоуправа. Јас не сум во општина, но сакам да слушам многу повеќе тука од самите функционери сега кои што

се во општините што се случува со оваа света на односите во локалната самоуправа, мислам на државните органи како единици на локалната самоуправа.

Затоа, би го молел министерот, сеедно каде може тоа да биде, една функционална врска да се воспостави во смила на помагање на Владата и на министерот при изборот на луѓе, кои што на тие места односно на тие истурени единици на државата можат д аи бидат од голема помош и тоа гледајте само советодавна . Советодавна во смисла на тоа да има поголем избор. Евентуално и самиот министер да не дојде во состојба на не снаоѓање, условно да кажам. Така ја сфатив јас и мислам дека министерот за тоа има многу разбирање, меѓутоа, можеби сега сме во тесен простор и не можеме да најдеме права формулација.

**ХИСЕН РАМАДАНИ: (**продолжение)

Тоа не е мешање на локалните органи со државните органи, туку помагање на локалните органи на државните органи за да може соработката да биде пофункционална во текот на остварувањето на работите од заеднички интерес на локално ниво.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претрес по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(24)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 19 за додавање став 3,поднесен од пратениците Мерсел Биљали, Абдулади Вејсели и Руфи Османи.

Отворам претрес по член 91 за бришење на дел од ставот 2, поднесен од пратениците Хисни Шаќири и Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Мислам дека би требало министерот да го уважи овој амандман, бидејќи не ја менува суштината на членот 91 ниту на ставот 2 од овој член ниту го изменува концептот на Законот.

V/2.-

Ако предложениот амандман е добар со претходната формулација што бараме да се брише, тогаш се поставува прашање зошто да не е добар без оваа формулација. Тука треба едно поконкретно образложение или да кажам просто има некое изигрување. Испаѓа како да изградиш куќа а на крај да го срушиш темелот, па дали може да постои куќа без темел. Исто изгледа и овој амандман за мене. Се е добро она што е искажано, но се елиминира.

Дали Владата сметала на тоа дека овој став на член 91 ќе создаде голема конфузија во практиката. На пример денеска во локалната единица во Куманово националниот состав на Советот ќе биде во полза на Албанците, утре може да се измени и овие проблеми ќе бидат присутни секогаш. Зошто овој проблем не се расчисти со законот кој го имаме? Бидејќи сите тврдиме да имаме поефикасна власт од Владата, па до локалните единици. Вака со овој член мислам дека не е во ред, ова е чисто изигрување, извинете, можеби за некој не одговара, но формулацијата ваква каква што е за мене е неприфатлива. Бидејќи министерот денеска, верувам и го тврдам тоа што го реков вчера дека е стручњак по овие работи, но ме зачу- дува фактот зошто вака толерира во законот да се изнесуваат вакви ставови кои се некоректни и нема ништо заедничко со правниот систем.

На крајот би завршил со една реченица, мене не ме зачудува ставот на министерот, бидејќи четири дена се води расправа по овој закон, сите велиме дека е многу важен закон, токму и Владата во образложението на овој член на предложениот амандман кажа дека овој амандман што е предложен е со една цел да ги подобри меѓунационалните односи, но вака со вакви игри мислам дека не се подобруваат меѓунационалните односи кога знаеме сите и сведоци сме еве четири дена што се расправаме по овој закон ништо не е прифатено од она што претставува интерес на Албанците.

V/3.-

Можеби за ова ќе биде малку досадно, но за нас нема ништо досадно, бидејќи се работи за јазикот, а јазикот е нешто што не може да се вреднува со некоја цена. Не постојат бројки во математиката што можат да се вреднуваат, а тука се прави чиста дискриминација во смисла на јазикот и на ниво на локална самоуправа. Јас вчера реков дека оваа Македонија до 1999 година со Уставот ќе го уважи албанскиот јазик во сите државни органи, сега иста држава со друго име прави се што е на штета на јазиците на другите народи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници. Пред малку кога почнавме кога го видов амандманот на Владата да ви кажам право дојдов до еден заклучок дека многу реално и многу вистинито тоа го предложи и го прифати. Мислам дека тоа е голема широчина на оваа Република Македонија Владата што поднесе таков амандман. Меѓутоа, или ќе го правиме или нема да го правиме. Ова сега што го предлага колегата со својот амандман односно и г-динот Руфи Османи, да се разбереме, таму каде што живеам ако тие не сакаат на свој јазик да истакнат една фирма, па нека не истакнуваат тие ќе бидат во локалната самоуправа. Таа локална власт е одраз на составот на населението и мислам дека нема потреба од вакво нешто.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитуван потпретоедателе, почитувани дами и госгода, Јас знам дека сум досаден за вас.,..

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам немојте од место, не одговарајте.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас сум сигурен дека моето присуство овде сигурно некому му штети, но вие сте многу интересни за мене. Инаку, јас ќе ви досаѓам малку повеќе бидејќи три дена иако сум во опозиција некој друг ја играше таа ролја на опозиција, па сега е прилика и ние да ја играме таа ролја која навистина ни припаѓа по политичкиот статус што овде го имаме.

Пред да почнам со мојата дискусија во врска со овој амандман само ќе реплицирам, накратко со г-динот Фаик Абди, бидејќи тоа што тој го кажа не е тоа од едноставна причина што со овој амандман што г-динот министер изгледа сигурно откако се одмори, па денеска сабајле го прифати, бидејќи вчера не го прифати се остава на волја на одборниците во општините каде националностите се во значителен број ако тие сакаат да го удоволат тоа право инаку ако не сакаат не мора да се удоволи. Што ќе имаме во пракса? Ќе го имаме овој случај моментално ова право ќе биде искористено во Дебар додека ќе биде игнорирано во Куманово, Кичево и Струга имајќи ја предвид националната структура на населението кое постои во овие општини иако таа структура по последниот попис е скоро идентична, но благодарејќи на структурата на одборниците во Дебар ова право ќе биде остварено додека во овие три општини нема да биде остварено. Значи, суштината на нашиот предлог се состои во тоа ние еднаш за секогаш да заклучиме да не оставаме дневно политички толкувања сходно на желбите на одредени групации

во одредени општини. Ако навистина сме начелни и принципиелни тогаш дајте господа да се брише овој дел каде се бара согласност на одборниците во таа општина и до која согласност верувам тешко ќе се доста ако одборниците на таа националност не се во мнозинство во таа општина. Суштината е многу јасна и во таа смисла јас не гледам дека г-динот министер има содржајни аргументи да ја поддржи оваа теза. Инаку, да не бидеме контрадикторни и она што е прифатено сигурно дека ќе се поддржи ако нема нешто подобро. Но, што одразува тоа? Тоа одразува господа она што и вие го знаете, а што јас и мојата група многу убаво го чувствуваме во овој Парламент дека овој Парламент е во функција на Владата, а не обратно. Значи, овој Парламент може га изгласа што сака, а ако после спиење некому ќе му текне дека тоа не е добро утредента сигурно ќе се промени, како што имаме случај и со овој закон и со многу други закони.

Но, сега одам на она што сакав да го кажам денеска, бидејќи малку бев тивок во расправата по овој закон.

Својствено на начинот што претходеше на конституирање на овој Парламент, а кој чин како нус продукт на вторите парламентарни избори, ја имаа оваа парламентарна структура, својствено на чинот на избор на Владата мимо парламентарната моќ на коалиционите партнери.... да, да стрпете се малку господине.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, бидете малку покоректни само во обраќањето кон своите колеги, ништо друго г-дине Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Само јас мислам дека и вие имате обврска на г-динот ако е нервозен,...

V/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Исто се однесува за сите да не дофрлуваат од место.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Или после да биде стрплив, па на говорница да го каже она што има да го каже. Јас цела година ве слушам мимо мојата волја, мимо се она што вие правите. И мене ми пречите.

Значи својствено на фактот што за овој закон е постигнат договор во Владата и во пратеничките групи, партиципиенти во Владата кои сосема транспарентно вчера се изнесе до страна на г-динот министер во делот на фамозните проценти, цело време се играше комедијата наречена проценти во неколку сцени со редуциран број на актери. Својствено на фактот што режијата за оваа комедија како и секогаш е изготвена зад завесата, а имајќи предвид дека сцената е јавна и намената е за широка потрошувачка, вчера дефинитивно се промовира еден нов тип на парламентарец популарно наречен актер - парламентарец, односно изразен со парламентарен јазик опозиција во позиција. Ролјата на спомнатите актери ќе ја достигне кулминацијата од еруптивен карактер при дебатата за законот за високото образование останува само да им се честита во стилот само напред позиционери опростете опозиционери, ви завидуваат и професионалците и професионалните актери.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дајте за амандманот г-дине Османи, ве молам, а ова можете да го говорите после за законот кога ќе отвориме претрес.

**РУФИ ОСМАНИ:**

За амандманот завршив.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Таири.

V/7.-

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Г-динто Руфи Османи иако ретко се обраќам со име, денеска ја искажа целата своја опсесија со парламентарната група на Партијата за демократски просперитет, односно со партијата за демократски просперитет. Тој не може да прифати еден факт кој е нотoрен во оваа Република, а тоа е дека граѓаните од албанска припадност во оваа Република им дадоа несомнена поддршка на Партијата за демократски просперитет. Тој тоа никако не може да го свари и така се однесува цело време.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ама ве молам немојте за партии, разговараме овде во Парламентот.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Уште еден битен елемент не му е јасен и јас не верувам дека ќе му се појасни во догледно време, а тоа е прагматизмот кој е вичен само на луѓе со здрав разум и јасни цели во животот. Тој такво нешто не познава, познава само одредени снаоѓања во ситуации нервоза која ја исполнува во ситуации кога не му се остваруваат целите додека за партијата за демократски просперитет за нашиот однос во овој Парламент најповикани сме ние да го кажеме нашето мислење и го повикуваме и него, а и сите други да не остават ние да судиме за нашите постапки, а на крајот за сето она што се случува тука ќе суди некој друг. За актерството, тоа местење на кравата, местење на фризури, тоа му доликува на г-динот Руфи Османи и на никој друг.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика г-динот Османи, а јас ве молак да се држиме сепак на темата на седницата.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Вака кратко, јас верувам иако г-динот почитуван воопшто не го спомнав ниту неговата партија, но си земам за право кога ќе одлучам да ми биде некој ментор за правни работи ќе се упатам до г-динот, бидејќи изгледа е ментор за правни работи, па затоа над 20 пати вчера излегуваше на оваа говорница додека што се однесува до тоа дали г-динот Руфи Османи има фобија кок таа партија, г-динот Руфи Османи таа фобија никогаш ја немал ниту се бави со таа партија инаку што се донесува за господата, па нивните министри во таа Влада, еве го повикувам г-динот министер да каже, во целост го поддржаа овој закон додека тие парламентарни на база на кои е избрана таа Влада ја играат таа ролја која еве вие можете да процените и јавноста ќе процени како ја играат, јас нема да го дадам мојот коментар инаку го дадов претходно . Уште еден факт па не случајно цело време овде се игра играта со проценти па на крај испадна да се успее нешто мимо фактот што нивниот претседател вчера предлагаше токму спротивното цела глава заедно со тие проценти да се скине од овој закон. Инаку, за другите квалификации оставам да кажеме на неговиот цивилизиран и културен морал кој е на навистина завидно ниво.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, да расправаме за амандманот.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Накратко да кажам дека што се однесува до процентите реков дека се тие резултат на усогласување што веднаш претпоставува дека појдовните позиции на предлагачот или на деловите во Владата биле различни.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ**: (продолжение)

Меѓутоа тоа усогласување или тоа наоѓање на заедничка мера претставува услова да се постави основа и за овој закон , да се постави основа од која ќе може да се развива довербата и веројатно низ праксата да се продлабочуваат и да се продлабочува довербата во меѓунационалните односи. Реков и вчера и денеска сакам да потврдам објективни идеални совршени модели ниту за различни поими како што се значителен број, ниту за модели за локална самоуправа, ниту на пример за решение на определен број на прашања, или за одредени институции, кога би постоеле тие како совршени, идеални, конечни напросто секој би отишол и би зел од тие модели и би ги применил тука. Станува збор за реална ситуација за определена структура на сожителство и ниво на сожителство, определена култура, толеранција, определена состојба помеѓу националните односи и во таа смисла продуктивното, проблематично барање на заеднички возможни решенија единствениот пат да се постави како заедница да функционира таа во сите свои структурни делови и делот на локалната заедница, односно на системот на единиците на локалната заедница. Мислам дека тој пристап е навистина живото способен и во исто време реален и веројатно како процедура можен да воспостави да развива демократски односи и во меѓунационалните односи.

Што се однесува до амандманот, тоа е владин амандман тој мене тука ме затекна во Собранието, што значи јас вчера не поддржав амандман со слична но не со иста содржина, денеска не го поддржувам овој амандман да се брише делот од реченицата , ако за тоа така одлучи Советот на единицата на локална самоуправа, бидејќи тоа би значело ако се брише, односно ако се прифати амандманот на г- динот Руфи Османи и на другиот почитуван колега, односно пратеник, тогаш би значело дека со закон ние би требало да наметнуваме нешто што

сигурно во овој момент не е израз на реалното чувствување на ова прашање во пошироките слоеви и на едните и на другите што ја сочинуваат националната и социјалната структура во РМ. Мислам дека Владата со овој амандман, а тоа е сугестијата на Советот на Европа тоа што ја акцептира, покажа подготвеност да направи чекор напред, да укаже дека доколку во овој Парламент нема доволно можност и аргументи да се процени реалноста за секој дел , во секој сегмент на РМ или во секоја одделна единица на локална самоуправа да се делигира правото на единиците на локална самоуправа, тие непосредно не само знаејќи ги односите туку и чувствувајќи го така да речам пулсот на тие меѓунационални односи уважувајќи ја реалноста која што може да биде и надвор од просекот на односите на ниво на Република да можат да го нормираат и ова прашање. Инаку да се наметне со закон и да се наметне во сите средини во РМ во овој момент мислам дека е апсолутно контрапродуктивно на сите елементи на системот на разбирањето на расположението, па дури и на меѓунационалните односи. Со тоа само би направиле многу лоша услуга на тие односи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Му се извинувам на г-динот Фаик Абди бидејќи не го видов на време, а има право на реплика бидејќи беше спомнат.

Има збор г-дин Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници, н е би излегол на оваа парламентарна говорница да говорам ништо доколку не бев спомнат, меѓутоа г-динот министер зема еден добар дел она што јас сакав да го кажам и тоа не излегов заради тоа само за тоа што ме спомна г-динот Руфи Османи што многу го ценам, најискрено ви кажувам ги ценам зборовите негови кога се работи за економија, кога се работи за некои други политички прашања,

меѓутоа не може да се лутиме еден на друг ако е општо познато дека е ова плуралистички систем и дека дојде до сигурно, до одредена деградација, до одредена поделеност во политичкото гледање и тоа е нормално меѓутоа мораме да мислиме за тие наши меѓунационални односи зошто веќе ствара и една бариера меѓу нас ако сакаме да ни помине нешто што стои во Законот за локална самоуправа односно она што го предложи Владата ние ќе мора да ги почитуваме и нашите колеги други што не се од нашата националност тоа значи дојде до национална диференцијација и тоа превише го потенцираме ова прашање . Ова лошо се одразува на сите нас на сите граѓани во РМ , лошо се одразува кога доваѓаат од надвор некој да не праша што и како стоиме. Таа национална диференцијација кој знае кај ќе не одведе. Ако ние зборам како пратеник на РМ не како ПЦЕР ако ние овде се расправаме па дури и меѓунационалните односи тука овие се во опозиција или обратно мислам дека не треба да се однесуваме така. Мислам дека тоа лошо делува за сите на нашиот авторитет и поготово кога мислиме за некоја си култура не знам на што мислење колегата дали јас сум економист. Дали се мислеше на некоја врвна култура, некоја масовна култура за што има врвна култура и масовна култура. На одредена култура се парира со одредена култура. И заради тоа да не вреѓаме луѓето по локална самоуправа дека некој ќе бил културен, некој нема да биде културен итн., и за тоа во општините ќе имало недоразбирање. Да се потрудиме да ги цениме сите подеднакво за да не ценат и нас, да ме ценат и мене. Тоа е тоа заедничко, и не е лошо да прекинеме вакви дискусии по можност. Ние се сеќаваме во парламенти има и тепање меѓу себе. Но дали е тоа,тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Рами Туда.

**РАМИ ТУДА:**

Господине претседателе, ценети парламентарци, ми се чини дека повеќе време потрошивме околу овој член 91 значи за членот каде што е во прашање употребата на јазикот за националностите и јас не- знам мене чудно ми е зошто толку ние се плашиме од овој јазик или од оној јазик а посебно зошто толку се плашиме од албанскиот јазик дури и тогаш кога е во прашање употребата на јазикот во многу еден тесен вака оквир и во оквиорот за употребата на јазикот во локалната самоуправа.

Ние не можеме да се откажеме од јазикот, ние не можеме да го оттуѓиме тоа што е на крај на краиштата како за македонците и за секој народ, за секоја националност тоа што е најсвето. Морам отворено да кажам дека тој што се откажува од својот јазик се откажува и од своето битие. Затоа не треба да настојуваме толку во тоа да се на некој начин дури по некои вакви дискусии се види дека цивилизациски гест е тоа кога човекот се откажува од својот јазик. Јас не знам зошто сме толку алергични спрема јазиците на националностите а посебно спрема албанскот јазик.

Албанскиот народ во РМ покажал максимална толеранција и посебно ангажирање за конституирањето и консолидирањето и осамостојувањето на Македонија како држава. Албанците верувале во орбитувањата на државотворците дека многунационалната, многукултурната и мултиконфесионалната Македонија ќе создаде и ќе ствара услови за плурално демократско општество, дека ќе создава простор за слобода за права, за културни, научни и други права за албанците како народ и за другите националности немакедонци.

Во текот на оваа година новиот Парламент усвои низа закони со кои се маргинализираат интересите на албанците, се игнорира албанскиот јазик а со тоа достоинството, дигнитетот и културниот идентитет.

Од стотина и стотина амандмани предложени од парламентарците албанци овој Парламент скоро ниеден важен, значаен амандман не се зеде во предвид. Исто така со нагласување овој Парламент продолжува да усвои дискриминаторски закони како што е овој денешниот за локална самоуправа со кој употребата на албанскиот јазик се локализира, се минизира до максимум. Од ова резултира дека Владата на РМ, односно овој Парламент инструментализиран не покажува ниту минимална волја за решавање дури и проблемот на употребата на јазикот во најтесниот оквир.

На овој начин нашата специфична демократија и пруларизам на албанците и другите им донесе 140 илјади граѓани со изгубено државјанство,  игнорирање на јазикот, ги претвори од државотворен во национално малцинство затворајќи ги и патиштата за вработување и др. Оваа политика има за цел да албанците и другите епитети ги држи како граѓани од втор и трет ред.

Имајќи ги во предвид овие тенденции кои со ништо не се разликуваат од политиката од некогашна Југославија сега савезна така на- речена Југославија јас како пратеник не можам да гласам за еден ваков предлог закон кои го предлагаат структури отворени со национална себичност и стар менталитет.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Шаќири бара збор.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господинот министер повторно се потрудил да го образложи предложениот амандман од страна на Владата дека е сугерирано од Советот на Европа. Ако е така зошто амандманот не беше инкорпориран на време во предложениот закон, се поставува прашање? Кај мене постои една дилема можда овој амандман се чувал како џокер за да ги рехабилитира коалиционите партнери а со ваков амандман може да се рехабилитираат само болни луѓе иначе здрави не.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Ве молам немојте да ги навредувате пратениците.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Јао реков можат сосема друго. Јас не кажувам дека амандманот е лош, но вака како што стои со оваа последна формулација не вреди за ништо. Само повторување на работите на место. Толку.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Господин Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Знам дека ни е достадно неколку дена работиме, меѓутоа ако правите анализа на опсервација на севкупното излегување на оваа говорница се што падна дека и ние пратениците нити сме пратеници нити сме ништо тука. Некој не слуша со волја , некој без волја, некој не сака тука да седиме, некој сака итн. Знаете тоа се ептен да не кажам работи кои ги навредуваме како личности тука. Ние секој пратеник по моја логика претставуваме граѓани на РМ и во таа смисла треба ние да ги претставуваме така. Меѓутоа, да создадеш конфликт многу е едноставно, али да бидеш на некој начин конструктивен и толерантен мислам дека тоа е поголема тежина и поголема умешност. А за конфликт мислам дека сите сме родени можеме со еден блеф да создадеме таква конфузија за да можат луѓето тука меѓу себе да конфронтираат наместо да размислуваат до крај што значи тој амандман. Јас го почитувам секој пратеник кој поднесува амандман, така размислува, мисли дека така треба да се разрешува проблемот итн., малку замера на пратениците подносители што во самиот амандман имаат едно многу кратко и да кажам никакво образложение. Јас амандман го сфаќам комплетно, ако амандманот сака да измени некоја понудена одредба на законот, мора таа одредба да биде до крај содржана, аналитички проследена за да ги понуди сите решенија а и јас како пратеник, бидејќи вие мене ме

убедувате како сега јас што ве убедувам вас, треба да оценам дали да гласам за амандманот или не. Тоа е суштината.

Меѓутоа, да прејдам на амандманот.

Амандманот вака гледано како што е поставен и решението на Владата споредбено мора да сфатиме дека решението на Владата е подемократично, многу пофлексибилно. И во таа смисла одлучува практично Советот кој го бираат граѓаните, ако тој совет го бираат граѓаните и тие одлучуваат за сето она што претставува член 91 дали не е тоа подемократски отколку императивно со норма во законот вие мора така и така тоа да го подредувате. Ние не може сега да прогнозираме овој закон е во функција на Законот за територијална... , односно во спрега со Законот за територијална поделба. Па ние сега од каде знаеме каква територија ќе имаме во РМ откако ќе го усвоиме овој закон заради тоа што треба да го носиме тој друг закон. Јас се плашам дека сега и претходните мои говорници можеби Куманово еве да го земеме за пример . Куманово можеби ќе има седум - осум локални самоуправи. Од кај знаеме во тие седум-осум локални самоуправа каква баш структура на население би била и сега ние по рамките на тоа население ќе ја преудицираме. А запоставен е македонскиот односно албански српскиот, ромскиот итн., и лично сметам дај да го поддржиме она владино решение, законот она што го нуди Владата а мислам дека овој амандман од мојот колега од Куманово треба да не биде прифатен зарад тоа што е помалку демократичен во однос на решението што го нули и самата Влада.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господа јас би сакал проблемот да се реши генерално не парцијално. Како ќе биде народната структура во ниво на локалните единици во Куманово јас отсега ништо не можам да прогнозирам туку мојот став и инсистирање беше проблемот да се реши генерално во ниво на РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Дванаесет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 91 за бришење на дел од став 2 поднесен од пратениците Хисни Шакири и Руфи Османи.

Во меѓувреме пратеникот Назми Малиќи поднесе амандман на член 91 за додавање нов став 3 по кој Владата не се произнела.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 91 за додавање нов став 3 поднесен од пратеникот Назми Маљичи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

г-дин Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 91 за додаваше нов став 3 поднесен од пратеникот Назми Маљичи.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Објавувам пауза од 30 минути до гласање на законот.

(ПО ПАУЗАТА)

Продолжуваме со работа.

Дали некој бара збор?

Г-дин Сали Рамадани се јавува процедурално.

Потоа г-динот Исмет Рамадани исто така процедурално.

VII/2.-

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Почитуван претседавач, потпретседател на мнозинството почитувани колеги и пратеници, денеска имам посебна чест во името на народните пратеници на партијата за Демократски просперитет на Албанците и на Народната демократска партија при крајот на маратонската 26-та седница на Собранието на Република Македонија, т.е. пред самиот финален акт, пред гласањето по Предлог законот за локалната самоуправа на најконцизен можен начин да го изразам следното.

Прво, се она што го изрази нашата петорка, како за времето на општата расправа во своите излагања, како и во самиот текст на Предлог законот за локалната самоуправа, со обидување на интервенирање со околу 50 амандмани важи во целина, т.е. и сега и понатаму при нашите елаборирања, барања и предлози.

Второ, дека нашите презентирани ставови беа и остануваат на многу цврста основа доследни и без никаков компромис сведочат и многубројните контрадикторни начела и интерпретирање до најекстремното и недозволеното, како од страна на предлагачот т.е. Владата а исто така и во дискусиите на мнозинството во овој Парламент, вклучувајќи ги и многу бројните амандмани поднесени од разните собраниски комисии и од поедини групации и поединци.

Трето, она што го изнесовме врз основа на одредбите на член устав на Република Македонија каков таков врз основа на најмаркантните меѓународни акти и конвенции, а посебно по конкретно на картата на Европа за локална самоуправа, де факто, и на посебен начин афирмативно се утврди не само од многубројните дискутанти, пратеници, туку и од самиот претставник на Владата, а посебно со минимално прифаќање на некои наши амандмани, било непосредно, или посредно преку мегаломанско држење на претставникот на Владата, божем преку разните собраниски комисии, а реално добар дел од нив

наши амандмани поднесени многу порано и само коинцидентно се репретираат на истите нормативни институции, кои ние навреме ги оспорувавме со научно интервенираше во Предлог законот за локалната самоуправа.

Четврто, врз основа на многубројните дискусии, а посебно поднесените амандмани, било прифатени или одбиени од страна на претставникот на Владата, која и онака мегаломански се поставува како тутор на мнозинството на овој парламент како"кондициус сине панон" резултира една неоспорива научно - правна категорија дека од овој предлог на закон за локалната самоуправа остана табулараза, остана само една бела хартија без никаква права и правна подлога, без никаква вредност и лети во зрак без никаков темел, без ниеден камен.

Петто, да не го повторуваме она што го изнесовме во нашите излагаша и со нашите поднесени амандмани, туку само да потенцираме најконцизно. Наместо понатамошна децентрализација, демократизација и хуманизација на институциите на локалната самоуправа на фиктивен, перфиден, скривен на овој предлог закон имаме концентрација, централизација демохуманизација, мизантропско однесување према локалната самоуправа и граѓаните. Тоа е научно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам г-дине Рамадани.

Ви дадов збор, бидејќи побаравте процедурално. Ова што го говорите е материјална расправа. Таа ја завршивме. Вие имате право сега процедурално деловнички права да кажете да го образложите своето гласање и ништо друго.

**САПИ РАМАДАНИ:**

Ќе прескочам цела страница. Кога веќе се наоѓаме на ивица на оваа голема неправда и можеби катастрофа после евентуалното усвојување на овој предлог закон за локалната самоуправа, ние предлагаме уште еден можен излез од овој ќорсокак.

Им сугерираме на нашите сонародници од ПДП, не само да гласаат против односно да ни се приклучат на нас, туку ако случајно се изгласа овој предлог закон за локалната самоуправа, вака како што е презентиран, да ги повлекуваат своите министри и другите слични функционери во судството и другите управни органи од сите нивоа да се разведат од фиктивната таканаречена коалиција, односно СДС односно така наречен Сојуз на Македонија.

На крајот, поконкретно, во спротивно сето друго без никакво сомнение е политичка игра, договор со надредениот и нерамноправен партнер и нема никаква валидност, никаква релевантност за нас и за сите други. Заради овие изнесени причини и под претпоставка дека овој предлог закон за локалната самоуправа може да се донесе во овој состав на Парламентот за да не видиме како ќе бидеме уште еден пат мајоризирани, т.е. надгласани, а посебно во нашето присуство во Собраниската сала да не преземаме некаква прeќутна, ни материјална, ни формална ни морална одговорност пред нашите лекторати и другите кои го делат нашето мислење, бидејќи и на ваков начин не сакаме да одговараме за непожелните последици кои ќе произлегуваат од овој закон за локалната самоуправа.

Ние пратениците од партијата за Демократски просперитет на Албанците и Народната демократска партија пред самото гласање и за актот на самото гласање протестираме на најенергичен начин и демонстративно го напуштаме финишот на оваа седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Исмет Рамадани, процедурално.

(Пратениците ја напуштија седницата)

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Пред да го презентирам нашето излагање во врска со тоа како ќе гласам за овој закон морам да кажам една реченица дека од пубертетлии во политиката јас не примам никакви лекции во името на мојата партија.

Неоспорувајќи ги напорите што се направени од страна на предлагачот и парламентот, и се разбира, претходната работа во рамките на групата од конференцијата за Бивша Југославија предводена од амбасадорот Арес , како и експертската група на Европскиот совет во добивање на што подобар закон на локалната самоуправа по Европски модел, цениме дека некои значајни забелешки по однос на надлежностите и посебно за предложените решенија за службената употреба на албанскиот јазик и јазиците на другите националности не беа прифатени, со што и покрај евидентните одобрувања во однос на постојаната состојба сметаме дека со овој закон не се задоволени нашите очекувања. Изгледа дека се уште не постои спремност овој парламент да се соочи со вистината дека Република Македонија мултиетничка и мултијазична и согласно со тоа да се нормират секојдневието. Сето ова не ни дава за право да констатираме, дами и господа пратеници, дека треба да го изгласам овој, за нас, за сите нас, исклучително важен закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Согласно со член 114 став 5 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот на законот за ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

83 пратеници гласаа за.

Кој е против?

8 пратеници гласаа против.

Мола, кој се воздржува од гласање.

2 пратеници се воздржаа од гласање.

VII/6.-

Констатирам дека Собранието го донесе законот за локалната самоуправа.

(Френетичен аплауз.)

Почитувани пратеници, дозволете ми само два три збора во врка со донесувањето на овој закон . Со донесувањето на овој закон фактички заокруживме една пет годишна напорна, исцрпувачка, но би рекол многу продуктивна работа на македонската влада, односно на македонските влади во изминатиот мандат и на македонскиот парламент. Со ова фактички и го заокружуваме политичкиот систем на Република Македонија. Со овој закон создаваме можност да се помине на вторите локал- ни избори во Република Македонија. Овозможуваме со овој закон се она што на меѓународен план во политичка смисла на Македонија во сферата на политичкиот систем беше неопходно.

Јас, ми останува, навистина, после оваа долга, исцрпувачка расправа, на сите вас да ви заблагодарам за конструктивното учество како на пратениците, исто така и на претставниците на Владата.

Ви благодарам и мислам дека со ова покажавме една многу висока политичка одговорност пред граѓаните на Република Македонија.

(Аплауз)

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Дваесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 17,10 часот).